РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1484/4
27-04-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, на 66-та седница, Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст ДКСК) одржана на ден 21 април 2022 година, ја донесе следнава

## Одлука

Постапката за утврдување состојба на судир на интереси заведена под бр. 09-1484/1 од 04.08.2021 година, оформена по доставена пријава од непознат подносител против лицето ----------, раководител на ------------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 08.04.2021 година, поднесена е пријава за лицето ------------, раководител на ---------------- и оформен е предмет број 09-1484/1 од 04.08.2021 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за тоа дека лицето ----------, главен инспектор, раководител на ----------, спротивно на законите е назначен за заменик претседател на Комисијата за -------------.

Според пријавителот, состојбата на судир на интереси е настаната, бидејќи наведеното лице во исто време врши инспекциски надзор над работењето над давателите на социјални услуги, а е и заменик претседател на Комисијата за -----------------.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Министерството -----------

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Лицето ------------ е вработен во ---------- на работно место Раководител на сектор за ---------------. Понатаму, наведеното лице е член на Комисијата за -----------. Согласно

одредбите во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и одредбите во Законот за социјална заштита, не постои забрана за оваа конкретна ситуација. Но по разгледување на работните задачи кои се доставени за лицето ---------, како и надлежностите кои ги има наведеното лице како член на Комисијата за --------------, ДКСК смета дека наведеното службено лице треба да внимава на потенцијалниот судир на интереси, со оглед на тоа дека може да настане состојба кога наведеното лице од врз основа на тоа што е член на Комисијата за ---------------, може да учествува во постапка каде ќе ги разгледува барањата за добивање дозвола за вршење работи од социјална заштита, а понатаму Комисијата да издаде Мислење за исполнетост на условите за вршење на дејност од социјална услуга.

ДКСК смета дека лицето ------------, треба да се изземе од постапување при вршење на надзор кај давателите на социјални услуги, за кои како член на Комисијата за ------------, учествувал во постапката за доделување на дозвола за вршење работи од социјална заштита.

Оттука, на седницата одржана на ден 21.04.2022 година, поради наведената состојба, ДКСК одлучи да се достави укажување до Министерството за --------------, со цел да се води сметка за потенцијалниот судир на интереси, како и навремено постапување по член 75 став 1 од ЗСКСИ.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Замени претседател,**
**Нури Бајрами**

По заклучок од седница на ДКСК
Изработил: С.М - советник
Контролирал: К.З. - раководител
Одобрил: М-р Ш.С - член на ДКСК